СОНК
САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
TRADE UNION OF EDUCATION, SCIENCE AND CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
ул. Маџир Маало бр. 36, 1000 Скопје, П.Ф.450, тел:02/3115-011

**Предмет:** Барање за доставување на понуди за изработка на научна студија за потребите на проектот ,,Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука”, референтен број на проектот (0302-15/19).

Проектот е донација од: Европска Комисија.

Спроведувач бр.1 (имплементатор на проектот): Македонско здружение за заштита при работа (МЗЗПР)

Спроведувач бр.2 (имплементатор на проектот): Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Р.М. (СОНК)

Согласно Договорот за грант бр.0301-105/1 помеѓу Македонското здружение за заштита при работа и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на РМ, објавуваме

## Барање (Јавен повик)

за ангажирање на експерт за изработка на научна студија за состојбите со безбедност и здравје при работа во дејностите на образование, наука и култура, познавање на стандардите за БЗР и нивна примена во институциите од споменатите дејности во Република Северна Македонија.

**Главна цел на проектот** е да се создаде една општа култура и познавање од областа на безбедноста и здравјето при работа преку креирање на функционален систем за целокупниот кадар вработен во дејностите од образование, наука и култура.

**Специфична цел на проектот** е да се создаде здрава и безбедна работна средина преку обуки и соодветна едукација за безбедност и здравје при работа.

**Целна група на проектот се:** членовите на СОНК вработени во детските градинки, основното и средното образование, како и во научните и културните установи.

**Крајните корисници** се вработените и членови во СОНК, МОН, МТСП и Министерството за култура.

**Очекуваните резултати** од реализација на проектот во периодот од 15.06.2022 до 16.04.2023 година се следниве:

1. Детектирање на специфичните потреби на таргет групите и обезбедување административна поддршка за имплементирање на стандардите за безбедност и здравје при работа за членовите на СОНК,
2. Детектирање на професионалните заболувања и причината за нивно настанување, како и изнаоѓање соодветно решение за истите,
3. Зголемување на јавната свест за БЗР и подобрување на условите за работа на вработените во дејностите од образованието, науката и културата кои се членови на СОНК.

## 1. Цел и очекувани резултати

Активност 2.2

Врз основа на сите досегашни активности, ќе се изготви научна студија на национално ниво. За таа цел, ќе се ангажира експерт од областа на трудовото право и безбедност и здравје при работа. Главната цел е да се утврди моменталната состојба на имплементацијата на БЗР во образовниот сектор. Дополнително, да се доближи нивото на имплементација на директивите на ЕУ, да се направи компаративен преглед на резултатите и ефектите од имплементацијата на директивите на ЕУ, но и да се даде преглед како граѓанските организации и синдикатите се вклучени во процесот на креирање на политики, како и во националниот процес на одлучување.

## 2. Очекувани резултати

- Зголемување на капацитетите на граѓанските здруженија, синдикатите и работодавачите во врска со стандардите за БЗР, условите за работа, застапување, лобирање и соработка со јавните институции.
- Воспоставување соработка помеѓу граѓанските институции, образовните установи и вработените во образованието, науката и културата преку имплементирање на законски и подзаконски барања за БЗР. Клучниот фактор за постигнување на севкупната цел на проектот е подобрување на општата перцепција за БЗР преку активностите на СОНК.

- Подигање на свесноста и јавно соопштување на резултатите за неопходноста од спроведување на мерките за БЗР во образованието, науката и културата.

3. **Логистика и период на извршување**

**Локација**: Скопје, Република Северна Македонија

**Период на извршување**: 25 дена од потпишување на договорот со експертот заклучно со 30.12.2022 година.

4. **Барања за експертот**

Заинтересираните кандидати апликациите да ги достават најдоцна до 22.11..2022 година на следната емаил: **sonk_bzr@yahoo.com** или на адреса: ул.Маџир маало бр.36, 1000-Скопје, Република Северна Македонија.

**Потребни услови за експертот**:

- да биде граѓанин на Република Северна Македонија,
- да поседува универзитетска диплома од областа на планирање и стратешки менаџмент, јавни политики, развој, економија и менаџмент, човечки ресурси.
- да има неколкугодишно професионално искуство во потребната област на експертиза,изработка на научни студии,
- да поседува напредни истражувачки и аналитички вештини,
- одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик
- доктор од областа на медицината на трудот ќе се смета за предност.

**Потребна документација за аплицирање**:

- CV,
- Мотивационо писмо,
- Предлог методологија и пристап за спроведување на активностите и
- Буџет

5. **Буџет**

Предлог буџетот треба да биде во евра без ддв или да вклучува персонален данок на доход и цена за еден ден ангажман за изработка на научната студија.

## 6. Потребни критериуми за избор

1. Методологија и организација 40 поени
2. CV 40 поени
3. Понудена цена 20 поени

ВКУПНО МОЖНИ ПОЕНИ 100.

Понудата со најмногу поени ќе биде предмет на разгледување и потпишување на договор.

## 7. Извештаи

Експертот треба да изготви и достави Финален извештај на македонски и на англиски јазик. Извештајот треба да има најмногу 4 страници (главен текст со исклучок на анекси) во слободен формат. Извештајот треба да биде доставен најдоцна до 5 дена од периодот на завршување на планираните задачи. Извештајот треба да содржи доволно информации за извршените активности и да се достави до Проект менаџерот кој е назначен во Договорот. Проект менаџерот е одговорен за одобрување на Финалниот извештај.